**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АПЕЛАЦИОНЕН СУД**
**Су.бр.34/2020**
**08.01.2020 година**
**Ш т и п**

# АКЦИОНЕН ПЛАН ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ЗАОСТАТОКОТ НА СТАРИ ПРЕДМЕТИ ЗА 2020 ГОДИНА

## Состојба со стари нерешени предмети

На 31.12.2019 година стари незавршени предмети според годината на прием во Апелационен суд Штип биле следните:

КЖ - незавршен останал 1 предмет од кој
2017 – КЖ-96/17;

ГЖ - незавршени останале 2 предмети од кои:
2016 – ГЖ-970/16;
2017 – ГЖ-1030/17;

Состојба на нерешени стари предмети (над 3 години) во Апелационен суд Штип на 31.12.2019 година според годината на нивниот прием за прв пат во основниот суд е следната:

КЖ - незавршени останале 4 предмети од кои:
2011 - 1 предмет;
2012 - 1 предмет;
2015 - 2 предмети;

КСЖ- незавршен останал 1 предмет од кој
2013 – 1 предмет;

ГЖ - незавршени останале 2 предмети од кои:
2009 - 1 предмет;
2015 – 1 предмет;

ТСЖ - незавршен останал 1 предмет од кој
2015 - 1 предмет;

Нерешени стари предмети (над 2 години) во Апелационен суд Штип на 31.12.2019 година.

КЖ - незавршени останале 4 предмети од кои:
2011 - 1 предмет;
2012 - 1 предмет;

2015 - 2 предмет;

КСЖ- незавршен останал 1 предмет од кој
2013 – 1 предмет;

ГЖ - незавршени останале 16 предмети од кои:
2009 - 1 предмет;
2015 – 1 предмет;
2017 -14 предмети

ТСЖ - незавршени останала 4 предмет од кои
2015 - 1 предмет;
2017 – 3 предмети;

Претседателот на Апелациониот суд Штип, ќе ја следи работата со старите нерешени предмети во Апелационен суд Штип преку АКМИС програмата, преку работното тело во судот, и заедно со претседателите на одделите и судиите во Апелационен суд Штип ќе предлагаат мерки за решавање на старите предмети. Претседателот ќе се состанува со претседателите на одделите и судиите три пати годишно за да го следи исполнувањето на планот и евентуално негово дополнување и измена.

Судиите ќе доставуваат писмен извештај за старите нерешени предмети во месечните извештаи со причините за нерешавањето и со план кога предметот би се решил.

- Во 2020 година обврска е на сите судии во Апелационен суд Штип, да дадат приоритет во решавање на старите предмети и тоа на начин што предметите од 2016 и 2017 година според годината на приемот во Апелационен суд Штип, да ги решат до првата половина на годината.

- Во 2020 година обврска е на сите судии во Апелационен суд Штип, да дадат приоритет во решавањето на старите предмети итоа на начин што прдметите од 2009 година заклучно со 2017 година според годината на приемот во Основните судови, да ги решат до првата половина на годината.

- Претседателите на одделите да изготват акционен план за намалување на заостатокот на стари предмети за 2020 година во одделот.

- Судиите во Апелационен суд Штип кои имаат стари предмети во 2020 година, да посветат посебно внимание за тој број да биде намален и да се утврди причината за нерешавањето на старите предмети.

Судиите кои во текот на 2020 година ќе добијат предмети со постара дата на прием во Основните судови да дадат приоритет во решавање на истите во однос на останатите предмети кои се од понова дата на прием во Основните судови.

- Во 2020 година на секои три месеци судиите да доставуваат извештај за старите нерешени предмети како и програма изготвена од судиите за начинот на

решавање.

- Ваквите состојби ќе се разгледуваат на заеднички состаноци помеѓу Претседателот на Апелациониот суд  Штип и судиите.

- Со ажурното решавање на старите предмети ќе се придонесе за намалување на поплаките на граѓаните за работата на Судовите, но и намалување на трошоците во судскиот буџетски совет за исплата на надоместоци за судење во неразумен рок.

- Во Апелациониот суд  Штип се планира во 2020 година да нема повеќе нерешени предмети постари од 1 месец, 3 месеци и 6 месеци (во зависност од видот на предметот и рокот за одлучување утврден во Законот) од денот на приемот во овој суд, со исклучок на оние предмети кои од објективни причини не можеле да се решат во тој рок и под услов да се изврши избор на судиите во Кривичниот оддел и Граѓанскиот оддел.

Претседател на судот,
Наке Георгиев